Книгата, заедно со картите и скиците претставува современ пристап во изучувањето на воената историја, кој, д-р В. Стојчев успеал многу успешно и професионално да го вкомпонира. Со еден збор, „Воената историја на Македонија“ на д-р Стојчев во иднина ќе претставува неодминлив историски материјал не само за оние што се занимаваат со воената историја туку и за историчарите и за пошироката јавност.

На крајот од книгата, покрај заклучокот, поместена е библиографија на користени позначајни извори и литература како и неизбежниот и полезен за читателот регистар на лични имиња и географски поими.

Трудот на д-р Ванче Стојчев го рецензираа проф. д-р Владо Поповски, генерал мајорот проф. д-р Ристо Дамјановски и м-р Ванчо Георгиев, додека пак лектурата и коректурата ја направија Лилјана Пандева и Митко Јованов. Како технички уредник се појавува Лидија Симовска-Поповска а на компјутерската подготовка Зорица Стојчева. За картите и скиците во втората книга се погрижија Јосиф Манасков и Ѓорѓи Манасков.

Во секој случај, оваа обемна книга, која е печатена во 1 000 примероци, заслужува внимание и треба да се види и прочита.

Ѓорѓи ЧАКАРЈАНЕВСКИ

## Владимир ИВАНОСКИ - ЛУМБАРКО, ЗБОРНИК НА УЧЕСНИЦИ - БОРЦИ ВО НОБ И РЕВОЛУЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА (1941-1945) ОД ОПШТИНИТЕ КАВАДАРЦИ И НЕГОТИНО, том I, книга 1, Редакција “Млад борец”, Скопје, 1998, 281

Во периодот по Втората светска војна, во разни историографски прилози, статии, книги и пригодни говори, беше присустна мошне произволна манипулација со вкупниот број на учесниците во НОБ на Македонија како целина, за одделните општини и воени единици, бројот на загинатите борци, политичките затвореници, интернирци, депортирци, учеството на жените и слично. Тие обопштени произволни проценки внесуваа непотребни сомнежи и дилеми во научната и пошироката јавност, почнувајќи од методологијата, па се до прашањето за можната објективност на проучувањата од современата историја.

Согледувајќи ги тие негативните импликации кон проучувањата на НОБ во Македонија, Владимир Иваноски - Лумбарко се зафатил со еден далекусежен 25-годишен исцрпувачки проект, под наслов *Учесниците во НОБ на Македонија*. Во него тој си поставил за цел, на постојните произволности да одговори со аргументирани сумарни показатели, произлезени од сеопфатни истражувања на целокупната постоечка архивската документација, разните анкетни листови, документацијата за утврдување на пензискиот стаж, постојните сеќавања, сведоштвата од семејствата на учесниците и литературата. А како стручен соработник и потоа секретар на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија, во секојдневните контакти и постојаниот професионален ангажман, авторот бил на изворот на податоците, па успеал да комплетира богати био-

графски белешки подредени под азбучен ред на презимињата на борците.

Истражувањата од овој проект за првпат ни понудуваат критички собрани и компарирани сумарни фактографски резултати. Притоа, со оглед на сојузништвото со народноослободителните сили на другите југословенски народи, авторот оправдано го опфатил и учеството на единиците на НОВ и ПОМ во завршните операции за ослободувањето на Југославија.

Завршениот проект претставува извонредно значајно лексикографско дело во македонската историографија од околу 7 700 страници текст, со биографиите на вкупно 83 931 борци во НОБ на Македонија во нејзините географски и етнички граници во периодот од 6 април 1941 до 15 мај 1945 година. Во него биографски се документирани 74 051 борец од територијата на денешна Република Македонија и 9.880 борци од другите делови на Македонија. Притоа, за првпат се презентира документирана бројка од вкупно 8.123 загинати борци во НОБ на Македонија и 1 574 користени псевдоними и прекари на борците, со прегледи по населени места.

Истражувањата на В. Иваноски - Лумбарко ни презентираат прв речиси целосен преглед на учесниците во НОБ и по градови како општински центри на територијата на Република Македонија. Според резултатите од неговите истражувања, состојбата е следна: Битола и Битолско 7 178, Берово и Беровско 1 286, Валандово и Валандовско 598, Велес и Велешко 3 318, Виница и Виничко 384, Гевгелија и Гевгелиско 2 260, Гостивар и Гостиварско 2 722, Дебар и Дебарско 507, Делчево и Делчевско 1 087, Демер Хисар и Демирхисарско 1 630, Кавадарци и Кавадарско 2 500, Кичево и Кичевско 2 762, Кочани и Кочанско 1 713, Кратово и Кратовско 894, Крива Паланка и Кривопаланечко 2 125, Крушево и Крушевско 615, Куманово и Кумановско 6 492, Македонски Брод и Бродско 1 395, Неготино и Неготинско 1 050, Охрид и Охридско 2 302, Прилеп и Прилепско 5 243, Пробиштип и Прибиштипско 1 104, Радовиш и Радовишко 2 013, Ресен и Ресенско 2 949, Свети Николе и Светиниколско 280, Скопје и Скопско 7 250, Струга и Струшко 2 148, Струмица и Струмичко 4 744, Тетово и Тетовско 3 715 и Штип и Штипско 1 756.

И покрај можните делумни пропусти за ваков вид лексикографски трудови, бројката на учесниците што се опфатени во овој своевиден регистер на сите учесници во НОБ во Македонија е импозантна и речито говори за придонесот на Македонија во Втората светска војна и победата над фашизмот.

Поради недостигот и недостапноста на соодветна документација и податоци за НОБ во Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија, авторот нагласено се оградува дека тие се целосно опфатени и обработени. Во комплексните истражувања, тој успеал фактографски да евидентира вкупно 1 690 од Леринско и 1.530 неспорни учесници во НОБ од Костурско, наведувајќи дека во антифашистичката борба во Егејскиот дел на Македонија во времето на Втората светска војна загинале 4 000–5 000 македонски борци. Но, со оглед на наведените отежнителни околности за истражување, тие резултати се секако далеку од реалната состојба, зашто, според исто така произволниот преглед на Политичката коми-

сија на Македонците под Грција, составен врз база на слободни проценки, од овој дел на Македонија во единиците на АЛАС, ЕАМ и ЕПОН учествувале околу 85 000 Македонци, во СНОФ на Леринско и Костурско 10 000 Македонци, во регуларниот ЕЛАС 6 000, во резервниот ЕЛАС 17 000 и во македонските баталјони околу 2 000 македонски борци.

Објавениот *Зборник на учесници - борци во НОБ и револуцијата на Македонија (1941-1945) од општините Кавадарци и Неготино* претставува дел од тој обемен завршен проект на Владимир Иваноски – Лумбарко. Тој се појави пред научната и пошироката јавност по десетгодишните макотрпни напори во барањето средства за негово објавување. Зборникиот содржи краток предговор како напомени кон изданието, азбучно подредени кратки биографии на борците, одделно за Кавадарци и Неготино, две административни карти на состојбата од 1992 год., регистар на борците со псевдоним, користени извори и литература и ползувани кратенки.

Секоја биографија ги содржи најнужните лични податоци: презиме и име, евентуалните псевдоними и прекари, името на таткото, датумот и местото на раѓањето, професијата пред војната, должностите во НОБ, учество во воените единици, евентуалните затворања и интернации (од кога, до кога и каде), а ако е загинат или починат, кога и каде.

Авторот се оградува од апсолутната прецизност на понудените податоци во одделните биографии, потенцирајќи ги проблемите со кои се соочувал, како што се разните неточности на податоците за борците низ различни извори, создавани за разни потреби, во специфични услови, од луѓе на различен степен на образование и во разни места и околности. Притоа, напоменува дека понекогаш ист борец се среќавал со различни презимиња, некои датуми и места на раѓање или загинување, партиските и воените функции, биле заведувани произволно и различно и слично. Дел од тие пропусти се резултат на произволноста и непотполноста на личните податоци на одделните учесници во разните пополнети прашалници, формулари и анкети, неодговорноста на одделните анкетари како службени лица, разните политички квалификативи на дел од анатемисаните и отстранети борци од актуелниот политички и општествен живот во врска со Информбирото, ВМРО и др., кои најчесто биле испуштани од прегледите или со фризирано пополнети формулари и биографии. Но авторот се потрудил сето тоа да го разреши исклучиво со објективниот суд на научната фактографска објективност, со неопходното макотрпно споредбено трагање по фактографската точност, утврдувајќи го основниот идентитет на секој борец одделно.

Богатството од информации во биографиите може да послужи за многу други подоцнежни истражувања од разни научни аспекти – историографски, социолошки, политиколошки, етнографски, филолошки и слично. На пример подготвувањето на точен преглед на борците по години (временски периоди), жените-борци, интернирците и депортирците, формацискиот состав на воените единици на НОВ и ПОМ, социјалниот состав, националниот состав, старосната структура и слично. Во секој случај, овој труд во многу ќе ја вопотполни нашата што попрецизна слика за НОБ во Македонија и ќе

биде значајна фактографска потпора на сите идни анализи и синтези во проучувањето на овој период од нашето историско минато.

Во набројувањето на повеќестраното значење на овој зборник, секако најзначајно е да се нагласи дека тој во значителна мера го објективизира вреднувањето и документирано ја потврдува масовноста на НОБ во Македонија. Тој ги вади од безимената анонимност и ги чува од заборав сите борци, без разлика на наивното значење и удел во НОБ, како придонес на секој поединец кон општата цел за ослободување на татковината. А со оглед на специфичноста на собирањето на податоците за напишаните биографии, тој уште сега претставува неодминлив извор во сите натамошни истражувања. Како тематски заокружена целина, објавениот том претставува своевиден неодминлив подвижен споменик на генерацијата учесници во антифашистичката борба, масовноста, хероиката и епопејата на македонскиот народ. Воедно тоа е значаен лексикографски придонес, збогатувајќи го постојниот скромен фонд на овој вид наши изданија. Да се надеваме дека ќе има разбирање, ќе се изнајдат средства и ќе се објави комплетниот проект.

Симо МЛАДЕНОВСКИ